Australian Government
Medicare Australia

# Вовед во австралискиот здравствен систем и Medicare Australia

## Австралискиот здравствен систем

Австралискиот здравствен систем насекаде се смета за систем од светски ранг, и во поглед на ефективноста и во поглед на ефикасноста во работата. Тоа е мешавина од даватели на здравствени услуги од јавното здравство и од приватниот здравствен сектор, кои се следниве:

- Австралиската влада – одговорна за развивање на национални политики, регулативи и обезбедување финансиски средства
- Локалните власти и владите на државите и териториите – одговорни за испорачување на државните здравствени услуги и за управување со истите, и за одржување на врските со останатите даватели на здравствени услуги
- Приватни лекари – како што се општите лекари, специјалистите и здравствените советници
- Профитабилни и непрофитабилни организации и волонтерски агенции.

Повеќе информации за австралискиот здравствен систем можете да најдете на веб-страницата на Одделот за здравство и постари лица на **www.health.gov.au**

## Што е Medicare Australia?

Medicare Australia е австралиска владина агенција во рамките на службите за општествени услуги. Тие служби се состојат од Одделот за општествени служби – вклучувајќи ги и Агенцијата за издршка на деца заедно со Агенцијата за детска поддршка и Службата за оспособување CRS Australia – Medicare Australia, Centrelink и Hearing Australia.

Службите за општествени услуги се занимаваат со луѓето и услугите кои може да им притребаат во различни фази од животот. Главната улога на Службите е да го подобрат развојот и спроведувањето на владините социјални и здравствени услуги за потребите на австралиската јавност.

Medicare Australia спроведува универзални програми за финансирање на здравството во Австралија. Овие здравствени програми се следните:

- Medicare—австралиска универзална програма за здравствено осигурување
- Шема за фармацевтски бенефиции
- Австралиски владин попуст од 30% за приватно здравствено осигурување
- Австралиски Регистар за вакцинација на деца
- Австралиски Регистар на дарители на органи
- Шема за специјална помош (овде спаѓа и специјалната помош за Бали од 2005 год., помош за Лондон, Шема за помош за здравствена нега во случај на цунами и Balimed)
- Служба за помош на семејствата, во партнерство со австралиските владини агенции
- Обработување на побарувања за повластици и исплати за потребите на Министерството за ветерански работи (вклучувајќи ја и Шемата за фармацевтски бенефиции за борци за татковината - Repatriation Pharmaceutical Benefits Scheme), Канцеларијата за услуги за лица со оштетен слух и Министерството на Западна Австралија.

Medicare Australia работи во партнерство со Одделот за здравство и постари лица за да ги оствари целите на здравствените политики на австралиската Влада. Нашите активности се спроведуваат во рамките на владините политики утврдени од страна на Одделот за здравство и постари лица, Одделот за ветерански работи, Одделите за семејствата и за домување, службите за заедниците и староседелско население, и соодветните закони.

Повеќе информации за Medicare Australia можете да најдете на нашата веб-страница на **www.medicareaustralia.gov.au**

## Преведени информативни пакети на Medicare Australia

Може да се добијат преведени информации за следниве програми.

- Medicare
- Шема на фармацевтски бенефиции
- Австралиски Регистар за вакцинација на деца
- Австралиски Регистар на дарители на органи
- План на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери
- Програма за враќање на пари за надворешни протези за гради
- Национална програма за испитувања за рак на дебелото црево

Исто така имаме информации за:

- Електронско барање за враќање на пари од Medicare
- Канцеларија за помош на семејствата
- Земање или испраќање лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство
- Безбедно земање лекови
- Доживотно здравствено осигурување (Оддел за здравство и постари лица).

Сите овие информативни листови можете да ги добиете од нашата веб-страница на **www.medicareaustralia.gov.au** или од било која канцеларија на Medicare.

## Услуги на Medicare Australia преку Интернет

Услугите на Medicare Australia преку Интернет ви овозможуваат полесно да можете да видите, обновите или побарате информации и услуги од Medicare Australia.

За да ги користите нашите услуги преку Интернет треба да се регистрирате и да добиете лозинка. За да се регистрирате за користење на услуги преку Интернет одете на **www.medicareaustralia.gov.au/online** или во најблиската канцеларија на Medicare и погрижете се да ја имате Medicare картичката при рака.

Откако ќе се регистрирате за услуги преку Интернет вие можете:

- Да барате замена на Medicare картичка или дупликат
- Да ги запишете или обновите податоците за вашата банкарска сметка
- Да ги видите и обновите вашите лични податоци
- Да ги видите претходните побарувања од Medicare
- Да ја видите состојбата на вашата Заштитна мрежа на Medicare
- Да го видите известувањето за даночни повластици од Medicare
- Да го видите известувањето за претходни вакцинации на вашето дете
- Да ги видите податоците од вашето регистрирање за дарување органи.

## Ви треба помош да ги разберете нашите информации?

### За луѓе на кои англискиот им е втор јазик

Доколку ви требаат информации на вашиот мајчин јазик, ве молиме прашајте некој вработен во Medicare или јавете се во **Преведувачката и толкувачка служба (Translating and Interpreting Service - TIS)** на **131 450***. Потоа дајте им го нашиот телефонски број. Ова е владина служба за заедниците каде може да побарате толкувач на вашиот мајчин јазик за да ви помогне со прашањата. Кога поставувате некое прашање за нашите услуги ние го плаќаме толкувачот од TIS.

### За лица со оштетен слух и говор

Доколку имате оштетен слух или говор можете да се јавите во нашата служба за **пишување по телефон** или **Telephone Typewriter (TTY)** на **1800 552 152****. За да се јавите на нашиот телефонски број за TTY ќе мора да користите и телефон за TTY.

## За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Електронска пошта | **medicare@medicareaustralia.gov.au** |
| По пошта | **Medicare Australia**<br>**GPO Box 9822**<br>во вашиот главен град |
| Повик | **132 011*** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со попречен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

1577_14a.04.11.09